Australian Government
Medicare Australia

PBS

# Шемата за фармацевтски бенефиции (Pharmaceutical Benefits Scheme - PBS)

## Што е Шемата за фармацевтски бенефиции?

Многу видови на лекови чинат повеќе од цената која ја плаќате за нив – некои чинат и стотици долари. Преку Шемата за фармацевтски бенефиции (Шемата за фармацевтски бенефиции) Австралиската влада го надополнува трошокот на цел опсег на лекови што се издаваат на рецепт. Шемата за фармацевтски бенефиции за борци за татковината или Шемата за фармацевтски бенефицииБТ (Repatriation Pharmaceutical Benefits Scheme - RPBS) им овозможува пристап до Шемата за фармацевтски бенефиции и други фармацевтски средства на ветераните, вдовците/вдовиците на воени лица и лицата кои зависат од нив, а кои имаат право на шемата.

## Дали имам право на Шемата за фармацевтски бенефиции?

Сите австралиски жители имаат пристап до евтини лекови преку Шемата за фармацевтски бенефиции.

Лековите од ШФБ исто така се достапни и за посетители од Италија, Нов Зеланд, Република Ирска, Финска, Норвешка, Малта, Холандија, Шведска, Белгија и Обединетото Кралство, а кои имаат право на оваа шема. Австралија има потпишано Спогодби за заемна здравствена нега со овие земји.

## Колку ќе треба да платам?

Цената што ја плаќате за лековите од Шемата за фармацевтски бенефиции зависи од нивото на вашето остварено право на шемата. Од 1 јануари 2011 год. на општо ниво вашиот придонес како пациент изнесува до $34.20# за секој лек од Шемата за фармацевтски бенефиции. Доколку поседувате важечка Картичка за попусти од Centrelink или од Одделот за ветерански работи (Department of Veterans' Affairs-DVA) вашиот придонес како пациент ќе биде со стапка со попуст и ќе изнесува $5.60#.

Доколку поседувате Бела картичка од DVA за некоја специфична здравствена состојба, вашиот придонес како пациент ќе изнесува $5.60#, а инаку ќе плаќате по основната стапка.

## Што треба да сторам?

За да бидете сигурни дека ја плаќате вистинската цена за вашите лекови, секојпат кога ќе купувате лекови на рецепт покажете му ја на аптекарот вашата тековна:

- Medicare картичка
- Картичка за попусти од Centrelink или DVA (доколку имате таква)
- Картичка за остварено право на Заштитната мрежа на Шемата за фармацевтски бенефиции или картичка за попуст (доколку имате таква).

## Што ќе се случи ако ги немам картичките кај себе?

Важно е да ги имате картичките кај себе кога одите да купувате лекови на рецепт. Доколку не ја носите Medicare картичката, картичката за попусти или картичката за Заштитна мрежа, веројатно ќе платите повисока цена за лековите. Доколку се случи такво нешто, побарајте од аптекарот да ви даде официјална сметкопотврда за враќање на пари од Шемата за фармацевтски бенефиции## (не само обична фискална сметка) и пополнете Формулар за барање за враќање на пари од Шемата за фармацевтски бенефиции. Овој формулар можете да го симнете од **www.medicareaustralia.gov.au** или да го земете од било која канцеларија на Medicare.

## Дали можам да побарам поевтина марка на лекови?

Можете да го замолите вашиот лекар да ви препише лекови од поевтина марка, или пак аптекарот може да ви даде поевтина марка, или поевтина замена за лековите кои ви се препишани.

Поевтините марки или поевтините замени за лекови се исто толку добри. Може да изгледаат поинаку, но ги содржат истите активни состојки и ги исполнуваат високите стандарди за квалитет, безбедност и делотворност поставени од Управата за терапевтски стоки.

## Заштитна мрежа на Шемата за фармацевтски бенефиции

### Што е Заштитната мрежа на Шемата за фармацевтски бенефиции?

Доколку вам или на вашето семејство ви се потребни многу лекови во текот на годината, Заштитната мрежа на Шемата за фармацевтски бенефиции ќе ви помогне околу трошоците за лековите. Кога ќе го достигнете утврдениот праг на Заштитната мрежа на Шемата за фармацевтски бенефиции, можете да се пријавите за Картичка од Заштитната мрежа на Шемата за фармацевтски бенефиции – тогаш вашите лекови од Шемата за фармацевтски бенефиции ќе бидат уште поевтини или бесплатни# до крајот на тековната година.

### Што треба да сторам?

Треба да ги запишувате лековите од Шемата за фармацевтски бенефиции во специјален Формулар за запишување на лекови од Шемата за фармацевтски бенефиции (Prescription Record Form - PRF), кој може да го земете од аптека. Секојпат кога ќе купите лекови од Шемата за фармацевтски бенефиции, дајте му го формуларот на аптекарот за тој да ви ги запише лековите. Аптекарот може да води евиденција за вас и во компјутер, но доколку немаат таков систем, најдобро е самите да си водите евиденција со запишување.

Доколку имате семејство, замолете го аптекарот да ги комбинира сумите кои ги трошите за да добиете вкупен износ за вашата семејна Заштитна мрежа.

### Кој може да биде дел од Заштитната мрежа за семејството?

Семејство кое има право на Заштитна мрежа на Шемата за фармацевтски бенефиции се состои од:

- Вашиот сопружник или вонбрачен партнер
- Деца под 16-годишна возраст кои се целосно или во поголем дел под ваша грижа или под грижа на вашиот сопружник/вонбрачен партнер
- Редовни студенти под 25-годишна возраст кои се целосно или во поголем дел под ваша грижа или под грижа на вашиот сопружник/вонбрачен партнер.

### Кои се сегашните прагови на Заштитната мрежа?

Од 1 јануари 2011 год. прагот за општи пациенти изнесува $1317.20, а за лицата со картичка за попусти истиот изнесува $336.00.

### Што се случува кога ќе го достигнам горниот праг на Заштитната мрежа на Шемата за фармацевтски бенефиции?

Кога сте близу до достигнување на горниот праг на Заштитната мрежа, прашајте го вашиот аптекар како да добиете Картичка од Заштитната мрежа. Откако аптекарот ќе ви издаде таква картичка за лекови од Шемата за фармацевтски бенефиции, вашиот придонес за Шемата за фармацевтски бенефиции како пациент до крајот на годината ќе изнесува:

- $5.60# доколку сте општ пациент

или

- бесплатно# доколку имате картичка за попусти.

**Што ако ми препишаат лекови кои не се од Шемата за фармацевтски бенефиции?**

Лекарот може да ви препише лекови кои не се на списокот на Шемата за фармацевтски бенефиции, или пак за вашата здравствена состојба не можат да се добијат преку Шемата за фармацевтски бенефиции – тие понекогаш се нарекуваат и 'рецепти што се плаќаат приватно'. Вашиот лекар тоа ќе го посочи во рецептот и вие ќе мора да ја платите целата цена за лекот во аптека. Трошокот за лекови кои не се од Шемата за фармацевтски бенефиции не ви се пресметува во вашиот горен праг во Заштитната мрежа на Шемата за фармацевтски бенефиции.

**Предвремено давање на лекови според Правилото за 20 дена на Заштитната мрежа**

За да може Шемата за фармацевтски бенефиции да биде достапна за сите, рецептите за лекови од Шемата за фармацевтски бенефиции не треба да се купуваат порано отколку што ви е тоа потребно. Според Правилото за 20 дена на Заштитната мрежа, како предвремено купување на лекови се смета она кое е направено во рок од 20 дена од претходното купување на истите лекови.

Доколку ви е потребно порано купување на лекови, Правилото за 20 дена на Заштитната мрежа тогаш ќе значи дека за одредени лекови од Шемата за фармацевтски бенефиции, ова прерано купување нема да ви се пресмета во вашиот горен праг во Заштитната мрежа. Доколку веќе сте го достигнале горниот праг, ќе ви се наплати вообичаениот придонес за Шемата за фармацевтски бенефиции, а не цената со попуст која ви ја овозможува Заштитната мрежа.

**Придонеси од пациенти за Шемата за фармацевтски бенефиции за 2011 год.**

| | **Општи пациенти** | **Лица со картичка за попусти** |
|---|---|---|
| **Придонес од пациент** | до $34.20† | $5.60† |
| **Праг на Заштитната мрежа** | $1317.20 | $336.00 |
| **Придонес од пациент за Заштитната мрежа** | $5.60† | бесплатно† |

† Доколку изберете лек од поскапа марка, или доколку лекарот ви препише поскап лек, веројатно ќе треба да платите повеќе – она што го доплаќате нема да ви се пресмета во прагот на Заштитната мрежа на Шемата за фармацевтски бенефиции.

## Кус список за проверка

- Кога одите да купувате лекови на рецепт кои се на списокот на Шемата за фармацевтски бенефиции, со вас понесете ги Medicare картичката, како и картичките за попусти од DVA или Centrelink.
- Прашајте го вашиот лекар или аптекарот дали постои поевтин лек од оној кој ви е препишан.
- Разговарајте со аптекарот за Заштитната мрежа на Шемата за фармацевтски бенефиции – водете евиденција во посебниот формулар за лекови од Шемата за фармацевтски бенефиции, или пак замолете го аптекарот да води евиденција за вас и вашето семејство.
- Кога се доближувате до прагот на Заштитната мрежа, прашајте го аптекарот како да добиете картичка од Заштитната мрежа.

## За повеќе информации

| | |
|---|---|
| Преку Интернет | **www.medicareaustralia.gov.au** |
| Електронска пошта | **pbs@medicareaustralia.gov.au** |
| Повик | **1800 020 613**** |
| TTY | **1800 552 152**** (Линија за лица со попречен слух и говор) |
| TIS | **131 450*** (Преведувачка и толкувачка служба) |

# Доколку изберете лек од поскапа макра, или лекарот ви препише поскап лек, веројатно ќе треба да платите повеќе.

## Парите кои ќе ви бидат вратени може и да не го покријат целиот износ што сте го платиле за лековите.

*Повикот се наплаќа.

**Повикот се наплаќа само од мобилни телефони и говорници.

1577_14b.20.01.11